МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

3760.

Врз основа на член 33 став 4 од Законот за производи за заштита на растенијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 110/07, 20/09, 17/11 и 53/11) министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство донесе

П Р А В И Л Н И К
ЗА НАЧИНОТ НА ЕВИДЕНТИРАЊЕ НА КОРИСТЕЊЕТО НА БИОАГЕНСИТЕ

Член 1

Со овој правилник се пропишува начинот на евидентирање на користењето на биоагенсите.

Член 2

Евидентирањето на користењето на биоагенсите се врши со внесување на следните податоци на образец кој е даден во Прилог и е составен дел на овој правилник:

- трговски назив;
- намена;
- издадена количина;
- рок на траење;
- датум на кој е извршена продажбата;
- име и презиме на овластеното лице кое го издало биоагенсот;
- потпис на овластеното лице кое го издало биоагенсот;
- име, презиме и адреса на лицето (правно и/или физичко) кое го подигнало биоагенсот; и
- потпис на лицето кое го подигнало биоагенсот.

Член 3

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 17- 547/3
ноември 2011 година
Скопје

Министер за земјоделство,
шумарство и водостопанство,
Љупчо Димовски, с.р.

Прилог
Образец

Начин на евидентирање на користењето на биоагенсот

трговски назив	намена	издадена количина	рок на траење	датум на кој е извршена продажбата	име и презиме на овластеното лице кое го издало биоагенсот	потпис на овластеното лице кое го издало биоагенсот	име, презиме и адреса на лицето (правно и/или физичко) кое го подигнало биоагенсот	потпис на лицето кое го подигнало биоагенсот